**Република Северна Македонија**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-11/3**
**22.4.2024 година**

| ДСУ РЦСОО„Коле Неделковски“ Велес | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 18 до 22.4.2024 година |
| **Број на извештај:** | 4 - Регион Вардарски/2024 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Александар Арсов |
| **Вид на училиштето:** | Државно средно училиште |
| **Број на ПУ** | Нема |
| **Основач на училиштето:** | МОН |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 872 |
| **Полова структура на ученици:** | 625 машки и 247 женски |
| **Број на наставници:** | 72 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Магдалена Иванова |
| **Директор на училиштето:** | Весна Стојанова Богоевска |
| **Датум на претходна ИЕ** | 9 до 11.5.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.Андон Шурков бр.4а |
| **Телефон:** | 043/231-446 |
| **Факс:** | 043/235-086 |
| **e-mail:** | kolenedelkovski@yahoo.com<br>www.kolenedelkovski.edu.mk |
| **Оценка од ИЕ** | **3,29** добро |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ” број 52/2005) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ” број 86/2006).

# Р Е З И М Е

Согласно Годишната програма за работа на Државнот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција во периодот од 18 до 22 Април 2024 година е спроведена интегрална евалуација во ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски„ Велес. Истата е извршена од тим од тројца државни просветни инспектори, со поставена основна цел да се оцени квалитетот на работење во училиштето и примена на правната регулатива со која се регулира средното образование. Училиштетето беше навремено известено за целта и спроведувањето на интегралната евалуација од страна на раководителот на инспекцискиот тим.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски„ Велес е оценета со **добро (3.29)**.

Училиштето работи како Државно средно училиште - регионален центар за стручно образование и обука, во согласност со наставниот план и програма од Центар за стручно образование и обука. Наставниот процес во училиштето се изведува по наставен план и се планира согласно наставните програми за средно стручно образование. Воспитно-образовната дејност која се организира е верифицирана од Министерството за образование и наука со:

1. **Машинство струка/сектор со 6 образовни профила:**

-Машински техничар (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-11/12 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование)

-Техничар за комјутерско управување (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-8/9 од 10.06.2020 година за реализација на НПП за образовниот профил Техничар за компјутерска техника и автоматика од машинска струка(четиригодишно образование)

-Машински техничар за моторни возила (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-10/14 ОД 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование)

-Техничар за производно машинство (четиригодишно образование), Решение УП1-13-2391-8/9 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование дуално)

-Автомеханичар (тригодишно образование), Решение УП1 13-948 од 05.05.2021 година за реализација на НПП (тригодишно дуално)

-Заварувач(тригодишно образование),Решение УП1 13-882 од 04.07.2019 година за реализација на НПП (тригодишно дуално).

2. **Електротехничка струка/сектор со 4 образовни профила:**

-Електотехничар за електроника и телекомуникации (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-12/13 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование)

-Електротехничар за комјутерска техника и автоматика (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-8/9 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование)

-Електротехничар-енергетичар (четиригодишно образование), Решение УП1 13-968 од 06.10.2022 година за реализација на НПП (четиригодишно образование/дуално)

-Електротехничар-енергетичар (четиригодишно образование), Решение УП1 13-103/0401 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование) по оваа верификација се учениците од трета и четврта година кои не се дуални

-Техничар за индустриска мехатроника (четиригодишно образование), Решение УП1 13-968 од 15.03.2023 година за реализација на НПП (четиригодишно образование-дуално)

**3. Сообраќај, транспорт и складирање струка/сектор со 1 образовен профил:**

-Техничар за транспорт и шпедиција (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-5/6 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование).

**4. Угостителство и туризам струка/сектор со 3 образовни профила:**

-Келнер (тригодишно образование), Решение бр. 11-11066/7 од 05.09.2014 година за реализација на НПП (тригодишно дуално)

-Готвач (тригодишно образование), Решение бр. 11-11606/6 од 05.09.2014 година за реализација на НПП (тригодишно дуално)

-Слаткар (тригодишно образование), Решение УП1 13-968 од 06.10.2022 година за реализација на НПП (тригодишно дуално) нема запишани ученици во овој образовен профил.

-Хотелско – туристички техничар (четиригодишно образование), Решение бр. 11-4148/5 од 21.10.2013 година за реализација на НПП (четиригодишно образование).

**5. Образование за возрасни**

-Решение бр.12-305 од 27.04.2017 година за реализација на образовниот профил професионален поржаникар(постсредно образование) од хемиско технолошка струка

-Решение бр.11-2216/4 од 23.08.2013 година за стручно оспособување (прво ниво на стручни квалификации) за занимањето монтажер на метални конструкции и производи од машинска струка

-Решение бр.11-10203/31 од 10.06.2014 година за стручно оспособување (прво ниво на стручни квалификации) за занимањето изработувач на браварски производи.

**6. Специјалистичко образование**

-Решение бр.09-3655/3 од 03.09.2002 година за специјалистичко образование од електротехничка струка со 6 образовни профили и машинска струка со 21 образовен профил

-Решение бр.09-3655/3 од 03.09.2002 година за специјалистичко образование од машинска струка со 21 образовен профил.

**Воспитно-образовната дејност која може да се организира и е верифицирана од Министерството за образование и наука со:**

-Решение бр.11-3313/5 од 15.11.2010 година за реализација на НПП за образовниот профил автотехничар-мехатроничар од машинска струка

-Решение бр.11-910/4 од 02.04.2014 година за реализација на НПП за образовниот профил автотмеханичар од машинска струка (реформирано тригодишно образование)

-Решение бр.11-4389/2 од 12.06.2007 година за реализација на НПП за образовниот профил машински техничар и машинско-енергетски техничар од машинска струка, електротехничар за електроника и телекомуникации, електротехничар за комјутерска техника и автоматика и електротехничар-енергетичар од електротехничка струка и техничар за транспорт и шпедиција од сообраќајна струка

-Решение бр.11-3201/4 од 02.07.2012 година за реализација на НПП за образовниот профил техничар за комјутерско управување од машинска струка

-Решение бр.11-665/4 од 26.05.2011 година за реализација на НПП за образовниот профил келнер и готвач од угостителско-туристичка струка.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален) и социјален развој. Најголемиот број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивниот пол, етничката припадност и социјалното потекло. Училиштето обезбедува услови за вклучување на учениците со посебни образовни потреби и на учениците од семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности. Училиштето организира заеднички воннаставни активности со училиште со настава на друг наставен јазик.

Училиштето во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието активно е вкучено од учебната 2014-2015 година, со ОСТУ„Наце Буѓони“ од Куманово како партнер училиште со кој имаат реализирано голем број на активности за мултикултурализам.

Училиштето има регистриран спортски клуб како УСК„Коле Неделковски“ – УЗУС, Велес. Клубот е активени учествува во спортски активности (спортски натпревари и настани на општинско и регионално ниво со спортски дисциплини одбојка, кошарка,ракомет и фудбал, велосипедски тури,планинарски марш).

Училиштето многу добро ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности. Соработува со родителите за нередовноста на учениците во наставата. Училиштето планира и презема активности за подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба.

Во училиштето се вклучени 2 (двајца) ученици со посебни образовни потреби со наод и мислење, со потешкотии во учењето има 8 ученика и 55 талентирани ученици. За поддршка и работа со учениците со потешкотии училиштето има формирано инклузивен тим на училиштето и за секој ученик има формирано инклузивен тим за ученикот. Инклузивниот тим на училиштето има изготвено програма за работа. Наставниците имаат посетувано обука на тема која опфаќа планирање односно изготвување на Индивидуален план за работа со учениците со посебни образовни потреби на тема „Методи, техники и алатки за работа со учениците со посебни образовни потреби-примена на асистивна технологија“.

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на педагогот и психологот. Голем број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи различни наставни форми и методи и расположливи нагледни средства, додека помалку техники на учење и поучување, наставниците главно користат исти приоди за сите ученици што не придонесува за развивање на индивидуалните способности за учење на секој ученик. Голем број од наставниците навремено ги планираат: редовната, додатната и дополнителната настава. Се изготвуваат и планови за реализација на „Програмата образование за животни вештини“ на класните часови, за користење на ИКТ во наставата со потенцирани Е-содржини.

Распоредот за дополнителна, додатна настава и слободни часови е истакнат на огласната табла во училиштето.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Оценувањето на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година.

Училишниот простор е безбеден за настава. Училиштето има пропишани процедури за заштита од физички повреди, елементарни непогоди и насилство. Училиштето води грижа за здравјето на учениците. Стручната служба води евиденција и прави анализа за постигањата на учениците, превзема активности да ги насочи учениците при изборот на нивното понатамошно образование и вработување.

Хигиената во училишните простории и ходниците и тоалетите е релативно добра,освен во тоалетите на приземје кои се во лоша состојба.

Училиштето се истакнува според постигањата на учениците во однос на другите средни училишта во општината. Вработените со својата работа и однесување придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Родителите изјавија дека квалитетот на воспитно образовниот процес и климата во училиштето се на високо ниво, додека хигиената во тоалетите и спортската сала не е на задоволително ниво. Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес. Учениците членови на училишната заедница се поканувaат на Наставнички совет, Совет на родители и УО.

Дисциплината и поведението на учениците се добри. Постигањата на учениците и училиштето се промовираат на разни настани и манифестации на локално ниво. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста, почитувајќи ги правата на учениците и мултикултурализмот го промовира во училиштето, на локално и државно ниво. Односите и соработката на директорот со стручните тела и органи на училиштето, локалната средина, деловната заедница и невладиниот сектор е многу добра.

Просторните услови и искористеноста на просторните капацитети (училници – кабинети, фискултурна сала) се добри. Опременоста со нагледни средства по наставни предмети е добра. Наставниот процес во училиштето го реализираат 72 наставници.. Училиштето превзема мерки за професионален развој на наставниците. Раководниот орган, училишниот буџет добро го планира за активности во функција на воспитно-образовната работа.

Училишниот одбор е конституиран во согласност одредбите од Законот за средно образование, избраните и именуваните претставници од редот на наставниците, Локалната самоуправа, Совет на родители и преставникот од Министерството за образование и наука се со легитимни мандати.

Со училиштето раководи директор,именуван од редот на вработените наставници. Директорот на училиштето има мандат до 15.01.2025 година.

Училиштето има Статут на училиштето со дел.бр.01-1426/1 од 30.11.2023 година, за кој постои согласност за употреба од страна на Министерството за образование и наука (дел.бр. 18-359 од 18.12 2023 година).

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа бр.01-939/1 од 31.08.2023 година и истата е усвоена од Советот на општината Велес, со Одлука бр. 25-3932/20 од 21.09.2023 година.

Училиштето има изработено Самоевалуација за работа на училиштето за период од 2020 до 2022 година, под бр. 01-1024/1 од 31.8.2022 година.

Училиштето има донесено Програма за развој на училиштето бр.01-586/9 од 14.9.2020 година за период од 2020 до 2024 година.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски„ Велес е основано со Решение бр. 11952/1 од 29.09.1965 година од страна на Собрание на Тито Велес, и со Решение бр.41-11135/5 од 17.11.2023 од Влада на РСМ.

Училиштето работи како Државно средно училиште - регионален центар за стручно образование и обука, во согласност со наставниот план и програм од Центар за стручно образование и обука.

Училиштето има својство на правно лице регистирано во Централен регистар на Република Македонија со ЕМБС 4024362 и ЕДБ 4004965106634.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик во две смени со почеток од 07.15 до 13.15 часот за прва смена и до 13.30 до 19:30 часот за втора смена.

Во училиштето настава следат вкупно 862 ученика, распоредени во 34 паралелки од кои во: машинска струка 234 ученика распоредени во 12 паралелки, сообраќајна струка 131 ученика распоредени во 4 паралелки , електротехничка струка 399 ученика распоредени во 14 паралелки, угостителско туристичка струка 98 ученика распоредени во 4 паралелки.

Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во една училишна зграда.

Училишната зграда е од тврда градба на три нивоа (подрум,приземје и два спрата) е изградена во 1963/1965 година со површина од 6800 м$^2$, располага со 35 кабинети и 13 работилници (електро и машински), 4 помошни простории, 1 просторија (мултифункционална сала), 1 просторија (сала за презентација), библиотека, 5 простории за административниот кадар, 1 наставниот кадар, 1 педагошко-психолошката служба, 1 раководител на смена, директор.

Училиштето располага со делумно ограден училишен двор со површина од 5182 м$^2$, во кој има отворени спортски терени за кошарка и одбојка, мал фудбал и ракомет.

Фискултурната сала е со површина од 595 м$^{2,}$ со стандарни димензии на спортски игралишта и опремена фитнес и пинг понг сала од 63 м$^2$ . Во фискултурната сала има простории за наставниците, соблекувални, простории каде се сместени спортските реквизити и санитарни јазли.

Воспитно-образовниот процес во училиштето го извршуваат 72 наставници од кои 3 со вишо образование, 63 се со високо образование, 6 се магистри. 10 наставници дополнуваат часови од друго училиште. Од наставниот кадар 45 -наставника се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 1- наставник е вработен на неопределено работно време со неполн фонд на часови, 12 - наставника се вработени на определено работно време со полн фонд на часови и 4- наставници се вработени на определено работно време со неполн фонд на часови. Во училиштето има 3 несоодветни наставници по електро-стручни предмети. Училиштето редовно распишува оглас и на истиот се нема пријавено соодветен наставник. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар. Од вкупниот број на наставници 4 наставници се приправници со определени ментори.

Освен наставниците во воспитно-образовниот процес се вклучени стручните соработници: педагог, психолог и библиотекар. Во административната служба вработен е секретар. Како технички персонал работно се ангажирани 11 лица од кои 1 хаус мајстор, 1 котлар, 2 нокни чувари, а останатите 7 се хигиеничари.

Училишната зграда се загрева преку систем за топловодно греење на нафта.

# 1.Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Во училиштето наставниот процес се изведува според наставните планови и програми за стручно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Центарот за стручно образование кои се одобрени од Министерството за образование и наука и иститите се модуларно дизајнирани.

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини да ги информира членовите на Советот на родители, другите родители, учениците како и сите други кои бараат информација, за целите на наставните планови и програми што се реализираат. Училиштето ги приспособува наставните програми по сите предмети, според можностите на децата со посебни образовни потреби. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите.

Учениците имаат можност да се определат за 4 (четири) струки и 14 (четиринаесет) образовни профили од четиригодишни и тригодишно образование. Воспитно-образовната дејност која се организира е верифицирана од Министерството за образование и наука со:

1. **Машинство струка/сектор со 6 образовни профила:**

-Машински техничар (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-11/12 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование)

-Техничар за комјутерско управување (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-8/9 од 10.06.2020 година за реализација на НПП за образовниот профил Техничар за компјутерска техника и автоматика од машинска струка(четиригодишно образование)

-Машински техничар за моторни возила (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-10/14 ОД 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование)

-Техничар за производно машинство (четиригодишно образование), Решение УП1-13-2391-8/9 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование дуално)

-Автомеханичар (тригодишно образование), Решение УП1 13-948 од 05.05.2021 година за реализација на НПП (тригодишно дуално)

-Заварувач(тригодишно образование),Решение УП1 13-882 од 04.07.2019 година за реализација на НПП (тригодишно дуално).

2. **Електротехничка струка/сектор со 4 образовни профила:**

-Електотехничар за електроника и телекомуникации (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-12/13 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование)

-Електротехничар за комјутерска техника и автоматика (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-8/9 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование)

-Електротехничар-енергетичар (четиригодишно образование), Решение УП1 13-968 од 06.10.2022 година за реализација на НПП (четиригодишно образование/дуално)

-Електротехничар-енергетичар (четиригодишно образование), Решение УП1 13-103/0401 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование) по оваа верификација се учениците од трета и четврта година кои не се дуални

-Техничар за индустриска мехатроника (четиригодишно образование), Решение УП1 13-968 од 15.03.2023 година за реализација на НПП (четиригодишно образование-дуално).

3. **Сообраќај, транспорт и складирање струка/сектор со 1 образовен профил:**

-Техничар за транспорт и шпедиција (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-5/6 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование).

4. **Угостителство и туризам струка/сектор со 3 образовни профила:**

-Келнер (тригодишно образование), Решение бр. 11-11066/7 од 05.09.2014 година за реализација на НПП (тригодишно дуално)

-Готвач (тригодишно образование), Решение бр. 11-11606/6 од 05.09.2014 година за реализација на НПП (тригодишно дуално)

-Слаткар (тригодишно образование), Решение УП1 13-968 од 06.10.2022 година за реализација на НПП (тригодишно дуално) нема запишани ученици во овој образовен профил.

-Хотелско – туристички техничар (четиригодишно образование), Решение бр. 11-4148/5 од 21.10.2013 година за реализација на НПП (четиригодишно образование).

5. **Образование за возрасни**

-Решение бр.12-305 од 27.04.2017 година за реализација на образовниот профил професионален поржаникар(постсредно образование) од хемиско технолошка струка

-Решение бр.11-2216/4 од 23.08.2013 година за стручно оспособување (прво ниво на стручни квалификации) за занимањето монтажер на метални конструкции и производи од машинска струка

-Решение бр.11-10203/31 од 10.06.2014 година за стручно оспособување (прво ниво на стручни квалификации) за занимањето изработувач на браварски производи.

6. **Специјалистичко образование**

-Решение бр.09-3655/3 од 03.09.2002 година за специјалистичко образование од електротехничка струка со 6 образовни профили и машинска струка со 21 образовен профил

-Решение бр.09-3655/3 од 03.09.2002 година за специјалистичко образование од машинска струка со 21 образовен профил.

**Воспитно-образовната дејност која може да се организира и е верифицирана од Министерството за образование и наука со:**

-Решение бр.11-3313/5 од 15.11.2010 година за реализација на НПП за образовниот профил автотехничар-мехатроничар од машинска струка

-Решение бр.11-910/4 од 02.04.2014 година за реализација на НПП за образовниот профил автотмеханичар од машинска струка (реформирано тригодишно образование)

-Решение бр.11-4389/2 од 12.06.2007 година за реализација на НПП за образовниот профил машински техничар и машинско-енергетски техничар од машинска струка, електротехничар за електроника и телекомуникации, електротехничар за комјутерска техника и автоматика и електротехничар-енергетичар од електротехничка струка и техничар за транспорт и шпедиција од сообраќајна струка

-Решение бр.11-3201/4 од 02.07.2012 година за реализација на НПП за образовниот профил техничар за комјутерско управување од машинска струка

-Решение бр.11-665/4 од 26.05.2011 година за реализација на НПП за образовниот профил келнер и готвач од угостителско-туристичка струка.

Содржините во најголем број наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акции од еко стандарди за реализирање на еко содржини по наставните предмети.

Практичната настава се организира за учениците од прва до четврта година за сите 4 сектори/струки од 14 образовни профили. Програмите по кои се реализира практична

настава се изготвени од страна на Центарот за стручно образование и обука, кои се одобрени од Министерството за образование и наука. Практичната настава односно учење преку работа кај работодавач се реализира во работилниците во училиштето и во стопански субјекти со кои училиштето има склучено договори(меморандум за соработка) и тоа:

- учениците од машинство сектор/струка, практичната настава и учење преку работа кај работодавач ја реализираат во MARQUARDT-Македонија ДООЕЛ Велес; ЛЕОВ КОМПАНИ ДООЕЛ Велес; РОНТИС ДООЕЛ, Велес; ЈКП Дервен-Велес; ИРЕНА ВЕЛ ДООЕЛ,Велес; УНИКА СЕРВИС ДООЕЛ Велес; ДОМИНИК ДООЕЛ,Велес; Пан-Промет-ДПТУ ДООЕЛ-Велес; БРАКО ДОО Увоз извоз Велес; ПЕСКАРА ВЕЛ,ДООЕЛ експорт импорт Велес.
- учениците од Електро техника сектор/струка учење преку работа кај работодавач настава реализираат во: MARQUARDT-Македонија ДООЕЛ,Велес; РОНТИС ДООЕЛ, Велес; Електро ББ ДОО Велес;ВАН ХОЛ МАКЕДОНИЈА,ДООЕЛ,ТИРЗ ,Скопје 2;Електро дистрибуција,ДООЕЛ ,Скопје;ЛУТЕКС ДОО,Велес; ЈОМАК КОМ,ДООЕЛ Увоз извоз Велес;
- учениците од Угостителство и туризам практичната настава и учење преку работа кај работодавач ја реализираат во угостителски објекти и тоа: ЕЛБИ ШКОРПИОН ДООЕЛ Велес; БРОД ПАНИНИ ДОО Велес; ДУТ САНОТЕЛ ДООЕЛ Хотел Гарденија Велес; ДУУ РОМАНТИК ХОТЕЛИ ДООЕЛ Велес; ШАТО СОПОТ ДОО Велес; ГОСТИЛНИЦА ДИЈАНА ДООЕЛ Лозово; ДЗТУ ЛАЗАР ВИНСКИ ТУРИЗАМ Росоман; ДУТУ ЕКСТРА БОЕМ ДООЕЛ Велес; ДПТУ ЏУНИОР ПАРК ДООЕЛ Велес; БЕЛА ВОДА ДООЕЛ Велес; МЕАНАТА НА ДАЦЕ ДОО Велес.
- учениците од Собраќај,транспот и складирање сектор/струка учење преку работа кај работодавач настава ја реализираат во: ДАТУ Пан Промет-ДООЕЛ-Велес, ДТТ ТРГОШПЕД ТРАНС ДОО,Велес; ВАРДАР ШПЕД увоз извоз,Велес; ДТТ ЛИДО ДООЕЛ,Велес; ПОДОДЕКОР ДОО,Велес; ДРАГАНОВ ДООЕЛ Велес, ДЕНС ДООЕЛ Велес; БАЛШПЕД ИГОР ДООЕЛ Кавадарци; ЗЕЛЕН СИГНАЛ ИЦ ОКИ Велес; МЖ – АД Транспорт Македонија; РИВА ТРАНШПЕД ДОО Велес; АД ПОШТА на ЦРПС Велес;

За сите учениците од сите сектори/струки се реализира феријална практика освен за учениците од завршните години и тоа:

- феријална практика се реализира во времетраење од 10 дена за сите ученици од машинство сектори/струки, освен учениците во завршните години и тие не релизираат феријална практика.
- феријална практика се реализира во времетраење од 5 дена за учениците од прва година, 10 дена за учениците од втора година и 15 дена за учениците од 3 година од Електро-техника сектори/струки освен за учениците во завршните години и тие не реализираат феријална практика.
- феријална практика се реализира во времетраење од 5 дена за учениците од прва година, 10 дена за учениците од втора година и 15 дена за учениците од 3 година од Собраќај ,транспорт и складирање сектори/струки освен за учениците во завршните години и тие не реализираат феријална практика.
- феријална практика се реализира во времетраење од 20 дена за учениците од прва година и втора година од Угостителство и туризам сектори/струки освен за учениците во завршните години и тие не релизираат феријална практика.

Училиштето со брошура ги информира членовите на советот на родители, родителите, учениците, како и сите други кои бараат информација за образовните сектори/струки и профилите кој ги содржат, сектори/струки како и со наставниот план за секоја образовна година и целите на наставните програми по наставните предмети кои учениците ќе ги изучуваат.

Во училиштето се вклучени 2 (двајца) ученици со посебни образовни потреби со наод и мислење, со потешкотии во учењето има 8 ученика и 55 талентирани ученици. За поддршка и работа со учениците со потешкотии училиштето има формирано инклузивен тим на училиштето и за секој ученик има формирано инклузивен тим за ученикот. Инклузивниот тим на училиштето има изготвено програма за работа. Наставниците имаат посетувано обука на тема која опфаќа планирање односно изготвување на Индивидуален план за работа со учениците со посебни образовни потреби на тема

„Методи, техники и алатки за работа со учениците со посебни образовни потреби-примена на асистивна технологија“.

Изборот на задолжителни изборни предмети, изборот на изборни предмети за учениците од втора, трета и четврта година е од листата на изборни предмети, како и изборот на содржини програмирани од училиштето, и се врши целосно согласно наставниот план. Изборната настава се реализира во сите сектори/струки во сите образовни профили од четиригодишно образование во трета и четврта година . Програмите за реализација на изборните часови и содржини програмирани од училиштето се одобрени од МОН по предлог на ЦССО и БРО. Постапката за избор на изборни наставни предмети и содржини програмирани од училиштето се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Избор се врши со спроведување на анкети. Реализацијата на наставните планови и програми е многу добра.

### 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето планира активности за доставување мислење од страна на наставниците, стручните соработници и родителите за обемот и содржината на наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците и од родителите. Наставните планови и програми содржат аспекти на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност.

Училиштето има добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели во наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието. Училиштето планира активности за доставување мислење од страна на наставниците, стручните соработници и родителите за обемот и содржината на наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност.

Училиштето има разработено добри насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се остваруваат. Најголем дел од наставниците ги вградуваат меѓупредметните цели во наставата: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците, што е особено изразено во практичната настава и учењето преку работа во претпријатија.

Училиштето редовно покренува иницијатива за изменување и дополнување и подновување на постојните наставните планови и програми, подновување на постојните и воведување на нови профили во секторите/струките и квалификациите. Овие иницијативи најчесто се покренуваат врз основа на барања од наставниците и на согледаните потреби на локалната средина и пазарот на трудот, но не и на барање од родителите. Иницијативите се поднесуваат до МОН и ЦСОО.

### 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален) и социјален развој. Училиштето во последните три учебни години реализира воннаставни активности кои целосно ги одразуваат потребите и интересите на учениците кој им помагаат за развојот на учениците за граѓански и општествени компетенции за доживотно учење, во кој се нагласуваат локалните особености.

Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Најголемиот број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивниот пол, етничката припадност и социјалното потекло. Училиштето обезбедува

услови за вклучување на учениците со посебни образовни потреби и на учениците од семејства со низок социо-економски статус во вонннаставните активности. Училиштето организира заеднички вонннаставни активности со училиште со настава на друг наставн јазик.

Учениците учествуваат во секции од областа на музика, ликовна, литературна, математичка, физика, странски јазик, новинарство, историја. Учениците вонннаставните активности ги избираат според сопствена желба и потреба во транспарентна процедура. При вклучување на учениците во вонннаставните активности не постои родова, етничка и социјална рамноправност.

Училиштето обезбедува услови за активно учество на учениците со потешкотии во учењето во сите активности организирани во и надвор од училиштето.

Од страна на училиштето и наставниците учениците добиваат целосна помош и поддршка да учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво.

Во последните три учебни години училиштето учествувало во натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво каде што има освоено многу награди.

Во последните три учебни години училиштето освоило 98 награди од кои :

- 42 награди на општинско ниво ( 16 прво место, 11 второ место и 15 трето место)
- 23 награди на регионално ниво ( 8 прво место, 6 второ место и 9 трето место)
- 28 награди на државно ниво (12 прво место, 6 второ место и 10 трето место) и
- 5 награди на меѓународно ниво (1 прво место,3 второ место и 1 трето место).

Училиштето е вклучено во 7 проекти и учениците активно се вклучени во работата на проектите.

Училиштето во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието активно е вкучено од учебната 2014-2015 година, со ОСТУ„Наце Буѓони“ од Куманово како партнер училиште со кој имаат реализирано голем број на активности за мултикултурализам.

Училиштето има регистриран спортски клуб како УСК„Коле Неделковски“ – УЗУС, Велес. Клубот е активен и учествува во спортски активности (спортски натпревари и настани на општинско и регионално ниво со спортски дисциплини одбојка, кошарка, ракомет и фудбал, велосипедски тури, планинарски марш). Во клубот учесници се машки и женски ученици.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците според пол и етничка припадност, по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди. Училиштето ги прибира, користи и анализира податоците за постигањата на учениците по пол, наставни предмети и за сите класификациони периоди по класови и години, етничка припадност. Училиштето изготвува полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни анализи за постигањата на учениците.

Во училиштето во учебната 2020/21 вкупно биле запишани 809 ученика од кој 644 машки и 165 женски, во учебната 2021/22 вкупно биле запишани 793 ученика од кој 602 машки и 191 женски и во учебната 2022/23 вкупно биле запишани 790 ученика од кој 578 машки и 212 женски. Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и по завршувањето на средното образование. Доколку се јават разлики во постигањата при премин од еден во друг циклус, училиштето ги анализира причините за ваквата појава и презема активности за нејзино надминување.

Според анализите на постигањата на учениците од три претходни учебни години во училиштето е добар (3.46) и тоа во учебната 2020/21 среден успех 3.4 во учебната 2021/22 среден успех 3.5 и во учебната 2022/23 среден успех 3.5.

Во последните три учебни години од вкупно 400 ученика државна матура полагале 249 ученика, а 151 ученика полагале училишна матура.

Учениците се оценети и по поведение, во трите претходни учебни години од вкупно 2392 ученика со примерно поведение оценети се 2175 ученика, со добро поведение оценети се 217 ученика и со незадоволително поведение оценети се 57 ученика.

Училиштето многу добро ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности. Соработува со родителите за нередовноста на учениците во наставата. Училиштето планира и презема активности за подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба. Во трите претходни учебни години за советување на родителите спроведени се 656 советување од нив 399 за намален успех, 206 за нередовно посетување на настава, 51 за несоодветно однесување. Во трите претходни учебни години индивидални советувања со учениците се спроведени се 801 советување од нив 429 за намален успех, 302 за нередовно посетување на настава, 70 за несоодветно однесување.

По спроведување на советување во училиштето зголемена е редовноста на учениците и подобрен е успехот на учениците.

Училиштето има систем за идентификација на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со посебни образовни потреби и континуирано го следи нивниот напредок. Голем број од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат потешкотии во учењето и на надарените ученици. Во училиштето сите наставници реализираат дополнителна и додатна настава.

Училиштето има процедура и пропишана политика за хоризонтално и вертикално движење на учениците што им овозможува премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка (хоризонтална проодност) и продолжување на образованието на повисоко ниво (вертикална проодност).

Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав од други училишта.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот, има изградена политика за опфат на сите ученици и презема различни активности (посети на семејствата, кампањи, соработка со надлежните институции, локалната заедница...) да ги опфати сите ученици од својот реон. Училиштето обезбедува услови за запишување на ученици од Велес и од други градови во Република Северна Македонија. Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици. Училиштето има воспоставен

добар систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици кои се запишале по завршување на нивното училиште во високо образовните установи. Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот и етничката припадност), ги анализира причините за отсуство од наставата (неоправдано и оправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Училиштето соработува со родителите за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Просечниот број неоправдани изостаноци по ученик за учебната 2021/2022 година изнесува 4,89 , за учебната 2022/2023 година изнесува 5,12 и за учебната 2023/2024 година изнесува 3,81. Просекот на неоправдани изостаноци по ученик за последните три години изнесува 4.60 неоправдани по ученик и е помал од пет по ученик. Редовноста на учениците односно просечниот број на оправдани и неоправдани изостаноци за учебната 2021/2022 година изнесува 33,7 по ученик за учебната 2022/2023 година изнесува 48 по ученик и за учебната 2023/2024 година изнесува 38,21 по ученик. Просекот на оправдани и неоправдани изостаноци по ученик за последните три години изнесува 39.97 по ученик. Во училиштето во учебната 2020/21 вкупно од училиштето се осипале односно се отпишале 33 ученика (причините се заминување во странство, префрлање како вонредни ученици и запишување во други училишта) во учебната 2021/22 вкупно од училиштето се осипале односно се отпишале 34 ученика (причините се заминување во странство, префрлање како вонредни ученици и запишување во други училишта) и во учебната 2022/23 вкупно од училиштето се осипале односно се отпишале 32 ученика (причините се заминување во странство, префрлање како вонредни ученици и запишување во други училишта) или вкупно се отпишале поради заминување во странство, префрлање како вонредни ученици и запишување во други училишта 99 ученици. Училиштето во целост ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште, училиштето ги доставува информациите за воспитно - образовниот развој на ученикот во училиштето каде што се запишува, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

### 2.3 Повторување на ученици

Процентот на ученици кои ја завршуваат годината е во постојан раст. Во училиштето постојат пропишани процедури за идентификување и анализирање на причините за повторување на учебната година и училиштето презема навремени мерки за намалување на бројот на ученици кои ја повторуваат годината. Во училиштето во учебната 2020/21 не ја завршиле односно повторувале 22 ученика , во учебната 2021/22 не ја завршиле односно повторувале 9 ученика и во учебната 2022/23 не ја завршиле односно повторувале 6 ученика или вкупно во последните три години повторувале 37 ученика.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценки на крајот на учебната година. За учениците со две негативни оцени се реализира продолжителна настава.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на педагоготи психологот.

Предметните наставници имаат изготвени годишни, тематски процесни планирања и подготовки за наставен час, и истите ги содржат непоходните елементи за реализација и организација на наставата,кај одреден број на наставници,она што го пишува во дневната подготовка не соодвествува со работата на час.

Глобалните планирања се изготвуваат во електронска форма. На почетокот од учебната година наставниците ги доставуваат планирањата кај педагогот, кој врз основа

на образец со јасни критериуми, врши следење на квалитетот на планирањата и дава повратна информација.

Целите на наставата, очекуваните исходи и начинот на оценување се утврдени во планирањата, но не сите наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето.

Голем број од наставниците навремено ги планираат: редовната, додатната и дополнителната настава. Се изготвуваат и планови за реализација на „Програмата образование за животни вештини“ на класните часови, за користење на ИКТ во наставата со потенцирани Е-содржини.

Распоредот за дополнителна, додатна настава и слободни часови е истакнат на огласната табла во училиштето.

### 3.2. Наставен процес

Голем број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи различни наставни форми и методи и расположливи нагледни средства, додека помалку техники на учење и поучување, наставниците главно користат исти приоди за сите ученици што не придонесува за развивање на индивидуалните способности за учење на секој ученик.

Наставниците користат одобрени учебници, дополнителна литература, податоци од интернет и расположливи ресурси.

Наставниците не ги запознаваат секогаш учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Поголем број наставници успеваат да создадат активна и динамична работна атмосфера, што е посебно изразено на часовите од практична настава.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол, социјално потекло, етничка припадност.

Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. За реализација на наставата се користат расположливите нагледни средства и тоа 4 смарт табли, 15 интерактивни табли, 24 ЛЦД-проектори и 4 телевизори.

Исто така активни се и 116 монитори за работа на учениците 30 таблети и 62 Лап-топи за наставниците.

Практичната настава се организира и реализира со учениците од образовни профили со 3 годишно образование ,а со останатите ученици се спроведува Учење преку работа кај работодавачи и тоа со следниот распоред:

**Практична настава:**

1 година

Машинство /сектор -образовен профил- заварувач во компанија (дуално образование);

Машинство /сектор -образовен профил-автомеханичар во компании.

Угостителско-туристичка струка-готвач и келнер,комбинирано-училиште –угостителски објекти;

2 година

Струка /сектор Машинство -образовен профил- заварувач во компанија (дуално образование);

- Струка /сектор Машинство- образовен профил-автомеханичар во компании;

Угостителско-туристичка струка-готвач и келнер,комбинирано-училиште –угостителски објекти;

3 година

Струка /сектор Машинство -образовен профил- заварувач во компанија (дуално образование);

Струка /сектор Машинство -образовен профил-автомеханичар во училиште;

Угостителско-туристичка струка-готвач и келнер,комбинирано-училиште –угостителски објекти;

Струка/сектор Угостителство и туризам, образовен профил Хотелско туристички техничар, учење преку работа кај работодавач, четврта година, реализираат во угостителски објекти.

**Учење преку работа кај работодавачи:**

Струка /сектор Машинство, образовен профил Техничар за производно машинство(дуално образование), четиригодишно траење,Учење преку работа кај работодавач во втора година се реализира во компании

Струка сектор Машинство, образовен профил Техничар за производно машинство(дуално образование, четиригодишно траење,Учење преку работа кај работодавач трета година се реализира во компании.

Струка /сектор Машинство, образовен профил Техничар за производно машинство(дуално образование, четиригодишно траење,Учење преку работа кај работодавач четврта година се реализира во компании

Струка сектор Машинство, образовен профил Машински техниничар за моторни возила (дуално образование, четиригодишно траење,Учење преку работа кај работодавач четврта година се реализира во компании

Струка сектор Машинство, образовни профили Техничар за компјутерско управување, Учење преку работа кај работодавач , во трета и четврта година се реализира во училиште.

Струка/ сектор Машинство, образовни профили Машински техничар , Учење преку работа кај работодавач , во трета и четврта година се реализира во училиште.

Струка /сектор Електротехника, образовен профил Електротехничар за компјутерска техника и автоматика, четиригодишно траење, Учење преку работа кај работодавач мал дел се реализира во компании а поголемиот дел во училиште.

Струка /сектор Електротехника, образовен профил Електротехничар за електроника и телекомуникации четиригодишно траење, Учење преку работа кај работодавач, во трета и четврта година се реализира во училиште.

Струка /сектор Електротехника, образовен профил Електротехничар енергетичар четиригодишно траење, Учење преку работа кај работодавач, втора и трета година се реализира во компанија додека во четврта година се реализира во училиште.

Струка /сектор Електротехника, образовен профил Техничар за индустриска мехатроника четиригодишно траење, Учење преку работа кај работодавач, втора година, се реализира во компанија.

Струка/ сектор- Сообраќај, транспорт и складирање, образовен профил Техничар за транспорт и шпедиција, четиригодишно траење, Учење преку работа кај работодавач, трета и четврта година се реализира во компании.

Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на стручните соработници и директорот. Најмалку еднаш во полугодие се врши посета на часови кај секој наставник.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и стимулативна средина за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и сметаат дека не се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество.

Учениците истакнуваат дека практичната настава надвор од училиштето .многу често не се поклопува со она што го учат во училиште.

За време на часот, одреден број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Учениците заедно со наставниците работат на различни проекти поврзани со наставата и надвор од наставата.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Поголемиот дел од наставниот кадар ги препознава образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за подобрување на успехот на учениците. Со цел задоволување на образовните потреби на учениците се планира додатна настава за учениците кои покажуваат посебен интерес кон одреден наставен предмет, а за учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на одреден предмет се организира дополнителна настава. Поради голем број на часови во редовна настава, превоз на ученици, работа во две смени, но и незаинтересираност на дел од учениците, реализацијата на дополнителна и додатна настава делумно задоволува.

За задоволување на потребите на учениците, училиштето ги ангажира учениците за учество на општински, регионални и државни натпревари, со што се поттикнува и мотивира нивниот личен напредок.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Поголем број од наставниците при оценувањето се раководат од стандардите и критериумите за оценување дадени во националните наставни планови по наставните предмети што се изучуваат во училиштето и позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Дел од наставниците имаат сопствени критериуми за оценување.

Наставниците при оценувањето најчесто користат писмени работи, тестови и усно испрашување. Наставниците кои предаваат практична настава водат уредно портфолио за секој ученик со јасно дефинирани аспекти на оценување.Поголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата. Оценувањето на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката. За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие и на крајот на прво полугодие и свидетелства на крајот на учебната година.

Најголем дел од наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот.

## 4.ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1 Севкупната грижа за учениците

Поддршката на учениците и севкупната грижа за учениците во училиштето е добра. Училишната зграда е од тврда градба и е во релативно добра состојба и безбедна. Наставата се изведува во пространи и осветлени училници. Пристапот во училишната зграда е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, и е поставена пристапна рампа.

Пет (5) вработени од училиштето се обучени за давање на прва помош на ученици и вработени при несреќни случаи.

Училиштето има протокол како пишани документи (Куќен ред и Кодекс на однесување) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните:

- Кодекс за однесување на учениците бр.02-367/2 од 11.04.2024 год.
- Кодекс за наставници бр.02-367/4 од 11.04.2024 год.
- Куќен ред на училиштето бр.02/367/1 od 11.04 2024

Училиштето има и План за заштита и спасување од природни непогоди заведено со дел.бр.01-938/3/1 од 03.12.2020 година и План за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, на кои позитивно мислење има дадено Дирекцијата за заштита и спасување заведено со дел.бр.03-939/2 од 18.02.2020.

Вежба за напуштање (евакуација) на училишната зграда на ученици и вработени при симулација на пожар, е направена на 02.11.2021 година.

Во Училишната зграда има камери за видео надзор од кој 19 се внатрешни и 11 надворешни. За време на одморите се организираат дежурства по ходниците, од страна на наставниците.

Во Училишната зграда поставени се по 12 хидранти и 6 противпожарни апарати,уредно сервисирани.

Училиштето има поставено и громобранска инсталација , на која редовно се врши контрола на мерење на отпор на громобранско заземјување, од страна на стручни лица.

Училиштето склучило договор за осигурување на вработените со осигурителна компанија.-Еуролинк бр.на полиса- 010240000915 , а за осигурување на ученици со компанијата УНИКА бр.на полиса 09001И084551.

Зградата на училиштето е осигурана исто така преку осигурителна компанија УНИКА со осигурителна полиса број 09001И084551.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училишната зграда има истакнати забрани за носење оружје, за пушење, конзумирање на алкохол и наркотични средства.

Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците,наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор со дел.бр. 02-367/2 од 11.04.2024 година , како и Куќен ред заведен со дел.бр.02-367/1 од 11.04.2024 година.

Од страна на училишниот педагог и психолог со учениците се организирани следните работилници:

- Фактори за успешно учење-со учениците од 2 година од 16.10.2023;

- Позитивни емоции и справување со стрес –со дел учениците 2 и 4 година на ден 10.10.2023;

- Позитивни емоции и справување со стрес – со друг дел од учениците 2 и 4 година на ден 18.12.2023;

-На истат тема на ден 12.02.2024 година е одржана и работилница со учениците од 1 година;

-На ден 19.10.2023 со ученици од 3 година работилница на тема-Фактори кој влијаат врз развојот на личноста;

- На темата врснички насилство-Булинг реализирани се во повеќе термини со учениците од различни години;

-Јакнење на самодоверба и самопочитт со ученици од 1 и 2 година ;

-Учење и видови техники на учење со ученици од 1 и 3 година;

-Никотиноманија,Алкохолизам и Наркоманија со ученици од 2 и 4 година на ден 21.11.2023;

-Развивање на меки вештини,тимска работа,стратешко размислување на ден 31.01.2024 со ученици од завршната година;

-Развивање на чувство за емпатија со ученици од мешан етнички состав од 08.02.2024 година;

-Подготовка на CV и мотивационо писмо со учениците од завршната година,на ден 11.03.2024 година;

- Кариерно советување-Тест на интереси со ученици од 4 година на ден 26.02 2024 година.

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство. На часовите на класната заедница се обработуваат теми за ненасилно однесување и мирно разрешување на конфликти.

Училиштето има процедура за обезбедување на материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици, но во училиштето се организираат хуманитарни акции од страна на вработените и учениците .

### 4.2 Здравје

Хигиената во училишните простории и ходниците и тоалетите е релативно добра,освен во тоалетите на приземје кои се во лоша состојба.

Во училиштето, редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД).

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат и санитарни книшки.

Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години), за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените.

Последниот систематски преглед на вработените е извршен на 17.10.2023 година.

Училиштето има договорени процедури за грижа за здравјето на учениците и вработените кои редовно и навремено се спроведуваат во соработка со родителите и здравствените установи.

Во училиштето се идентификувани двајца ученици (за која има обезбедено образовен асистент) со посебни потреби во 3 и 4 година.

За надминување на состојбата, од страна на училишниот педагог се организираат индивидуални средби со тие ученици и нивните родители, се со цел помош, поддршка и надминување на истите.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за професионална ориентација на учениците. Со учениците од завршните години, организирана е анкета за избор на понатамошно образование.

Факултетите, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование.

Учениците навремено се информирани за објавените конкурси за запишување на ученици во високото образование.

Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се здравствените установи, Центарот за социјална работа и здраствените установи.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во дневникот на паралелката.

Се изготвуваат прегледи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на крајот на првото полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи по квартали врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Континуирано го следат и вреднуваат напредокот на постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик.

Со податоците за постигањата и редовноста на учениците родителите редовно се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година. Училиштето за соработка со родителите е отворено секој работен ден.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се истакнува според постигањата на учениците во однос на другите средни училишта во општината. Вработените со својата работа и однесување придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Родителите изјавија дека квалитетот на воспитно образовниот процес и климата во училиштето се на високо ниво, додека хигиената во тоалетите и спортската сала не е на задоволително ниво. Поголемиот дел од вработените ја познаваат мисијата и визијата на училиштето. Училиштето ги реализира еко стандардите по голем број наставни предмети.

Училиштето има донесено Кодекс за однесување на учениците со бр.02-367/2 од 11.4.2024 година каде се поставени правилата и принципите на однесување. Во случај на кршење на правилата, се постапува согласно Правилникот за изрекување педагошки мерки бр.02-250/5 од 24.4.2015 година и Законот за средното образование. Има донесено и Кодекс за однесување на наставниците бр.02-367/4 од 11.4.2024 година, има пропишана процедура за постапување во случаи на кршење на правилата од Кодексот. Куќниот ред во училиштето е донесен со бр.02-367/1 од 11.4.2024 година.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес. Учениците членови на училишната заедница се поканувaат на Наставнички совет, Совет на родители и УО. Дисциплината на учениците е добра. Голем број од наставниците истакнаа дека учениците се однесуваат добро во училиштето. Проблемите со дисциплината и редовноста резултираат со изрекување на педагошки мерки согласно Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Во последните три учебни години изречени се 603 педагошки мерки од нив 551 писмена опомена, 49 педагошки мерки пред отстранување и 3 отстранување. Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина упатени кон учениците припадници на друга етнички заедници.Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на престојот во училиштето. Дежурствата на наставниците по ходниците за време на одморите не се спроведува во целост. Ученичката заедница има програма за работа бр.01-939/2 од 31.8.2023 година, според членовите нивната активност се сведува на организација на матурска забава, матурско табло и организација на екскурзија. Ученичката заедница неконтинуирано учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Досега не поттикнале иницијатива за подобрување на условите за настава, наставен процес, не разгледуваат полугодишни и годишни извештаи за работата на училиштето, не иницираат едукативни предавања.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето презема активности за промовирање на постигањата на учениците. Учениците учествуваат на натпревари од општински , регионален ,државен и меѓународен карактер. Училиштето ги наградува учениците кои учествувале и постигнале значајни резултати на општинско и републичко ниво, со јавно врачување на дипломи и

благодарници на одржувањето на Патрониот празник на училиштето на 16 декември. Во училиштето се води евиденција за учеството на учениците на натпревари и освоени награди. Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето. Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето, училиштен весник, преку WEB-страната, флаери, социјалната мрежа facebook на училиштето, огласни табли. Училиштето води политика на потикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуват успех на натпревари од локално регионално и национално ниво.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивно нарушување во практиката. Од учениците - претставници на Училишна заедница, немаше изнесено никакви забелешки за односот кон учениците од страна на наставниците во училиштето. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности, кои се застапени во сите пишани документи на училиштето. Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но и да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници. Училиштето е вклучено во проектот на Министерство за образовани и наука за Меѓуетничка интеграција, преку кој учениците се запознаваат со културата, верата и традициите и на другите етнички заедници.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето, преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор. Комуникацијата на училиштето со родителите се сведува на најмалку две родителски средби во едно полугодие, а има примери и на одржани индивидуални родителски средби. Присуството на членовите на совет на родители на нивните состаноци и на состаноците на училишниот одбор е добро и истите ги застапуваат интересите на родителите во училиштето. Училиштето е отворено за соработка со родителите секој работен ден за индивидуални средби со наставниците. Родителите се запознаени со програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница. Учествува во одбележувањето на значајни настани во општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.

Училиштето соработува со деловната заедница за реализација на практичната настава кај голем број социјални партнери. Со меморандум за соработка опфатени се повеќе аспекти: практична настава на ученици во самата компанија, опремување на училиштето со нагледни средства , алати и машини и обука на наставниците.

## 6. РЕСУРСИ

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

Воспитно-образовната дејност училиштето ја реализира во една училишна зграда.

Училишната зграда е од тврда градба на три нивоа (подрум,приземје и два спрата) е изградена во 1963/1965 година со површина од 6800 м$^2$, располага со 35 кабинети и 13 работилници (електро и машински), 4 помошни простории, 1 просторија

(мултифункционална сала), 1 просторија (сала за презентација), библиотека, 5 простории за административниот кадар, 1 наставниот кадар, 1 педагошко-психолошката служба, 1 раководител на смена, директор.

Училиштето располага со делумно ограден училишен двор со површина од 5182 м$^2$, во кој има отворени спортски терени за кошарка и одбојка, мал фудбал и ракомет.

Фискултурната сала е со површина од 595 м$^{2,}$ со стандарни димензии на спортски игралишта и опремена фитнес и пинг понг сала од 63 м$^2$ . Во фискултурната сала има простории за наставниците, соблекувални, простории каде се сместени спортските реквизити и санитарни јазли.

Училишната зграда се загрева преку систем за топловодно греење на нафта.

Училиштето е обезбедено со 6 противпожарни апарати и 23 хидранти кои редовно се сервисираат.

Во училиштето е поставен и видео надзор со 30 камери.

Оваа учебна година, настава посетуваат 862 ученици од I до IV година, кои се распоредени во 34 паралелки од кои 760 се македонци, 41 албанци, 18 турци, 6 роми, 37 бошњаци.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик во две смени со почеток од 07.15 до 13.15 часот за прва смена и до 13.30 до 19:30 часот за втора смена.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата, со што ги задоволува потребите на учениците.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала е добра.

Училиштето располага со 4 смарт табли, 10 интерактивни табли, 116 персонални компјутери за ученици, 62 лап-топ компјутери за наставници, 30 ученички таблети, 24 ЛЦД проектори, 22 принтери, 3 телевизори, 9 скенери и спортски реквизити за нормално функционирање на воспитно–образовниот процес.

Училишната библиотека располага со вкупен фонд со околу 11942 примероци од различен жанр (лектирни изданија 6317, стручна литература 2734 примероци, слободна литература 2891, литература од други јазици 1509). За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Во библиотеката работат 3 наставници библиотекари кои надопонуваат до полн фонд на часови од кои еден наставник по Музучка уметност со 4 наставни часа, наставник по граѓанско образование со 2 наставни часа и наставник по социологија со 14 наставни часа. Има изготвено Годишна програма за работа на библиотеката, која што е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечна евиденција се води во книга и електронски. Библиотеката е отворена за учениците, секој работен ден од 07.30 до 19.30 часот. Библиотеката има и училнички простор – читална.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставата. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал треба да се подобрува во согласност со потребите на наставата и службите.

### 6.3 Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат 72 наставници.

Од вкупниот број на наставници 4 наставници се приправници со определени ментори (наставник по електро стручни предмети, машински стручни предмети, македонски јазик и литература, ликовна уметност).

Освен наставниците во воспитно-образовниот процес се вклучени стручните соработници: педагог, психолог и библиотекар. Во административната служба вработен е

секретар. Како технички персонал работно се ангажирани 11 лица од кои 1 хаус мајстор, 1 котлар, 2 нокни чувари, а останатите 7 се хигиеничари.

Воспитно-образовниот процес во училиштето го извршуваат 72 наставници од кои 3 со вишо образование, 63 се со високо образование, 6 се магистри. 10 наставници дополнуваат часови од друго училиште. Од наставниот кадар 45 -наставника се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 1- наставник е вработен на неопределено работно време со неполн фонд на часови, 12 - наставника се вработени на определено работно време со полн фонд на часови и 4- наставници се вработени на определено работно време со неполн фонд на часови. Во училиштето има 3 несоодветни наставници по електро-стручни предмети. Училиштето редовно распишува оглас и на истиот се нема пријавено соодветен наставник. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за реализирање на воспитно образовниот процес.

Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи. Наставниот кадар поседува низа вештини, квалификации и искуство стекнато преку обуки, а најголем број од наставниците во наставата ги применуваат овие искуства.

Во случај на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

Во училиштето педагогот, психологот и библиотекарот како стручни соработници придонесуваат за успешна реализација на целокупниот воспитно-образовен процес. Стручните соработници им помагааат на наставниците во организирање на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблемите на индивидуално и групно ниво кои се појавуваат во работењето.

Стручните соработници во своите програми за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и родителите.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во Годишната програма за работа има предвидени активности за детектирање на потребите, активности за професионален развој на ниво на училиште и личен развој како и хоризонтално учење во рамки на училиштето.

Наставниците учествувале на семинари организирани од страна на Биро за развој на образованието. Евиденција за учества на обуки и професионалните досиеа води педагогот и психологот.

Постои уредна евиденција за спроведените семинари и обуки. Вклучени се стручните служби и наставници, а се спроведува дисеминација по завршување на обуката.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските ограничувања. Училиштето има донесено Финансиски план, усвоен извештај, усвоена завршна сметка и План за јавни набавки со дел. бр. 01-63/4 од 30.01.2024 година.

Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки формирана. Во комисијата има член кој е истовремено и член на Училишен одбор. Јавните набавки ги врши наставник од училиштето кој има положено испит за јавни набавки.

Училиштето врши набавки како електрична енергија, превоз на ученици, канцелариски материјали, средства за хигиена, мобилни телекомуникациски услуги, други материјали, здравствени усуги и тековно одржување на зградата, материјали за автоматска обработка на податоци.

Финансиското работење и завршните сметки се контролираат од Училишниот одбор. Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РСМ за плати и придонеси на вработените, патни расходи, комунални услуги, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување итн.

Училиштето остварува и сопствени приходи од издавање на спортска сала под закуп, уписнина и испити од вонредни ученици и издавање на втор примерок на свидетелства и дипломи.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и се предлагаат на усвојување до сега на Советот на општината, додека за наредно усвојување ке се предлага на Министерство за образование.

# 7.Управување/раководење со училиштето и креирање политика

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Управувањето и раководењето со училиштето е добро. Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Сите членови на УО се со легитимен мандат, Претседател на УО е Магдалена Иванова.

Училишниот одбор доволно е вклучен во креирањето политики за еколошка едукација и доволно се залага за афирмирање на училиштето

Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури.

Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа, донесен на 31.08.2023 година, заведен со арх.бр 02-368/1.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со архивски број 01-1426/1 од 30.11.2023 година.

Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.01-939/1 од 31.08.2023 година и усвоена од Советот на Општина Велес на ден 21.09.2023 година ,заверена со арх.бр.25-3932/20.

Директорот на училиштето е избран со Решение со арх.бр.04-26/1 од 15.01.2021 година и има мандат до 15.01.2025 година.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става на подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето, добро ја организира и следи реализацијата на наставата и обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства.

Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето, знае да ја промовира добрата практика што постои во училиштето.

Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето, Еко програма., Програма за меѓуетничка интеграција, Тим за инклузија на училиште и на ученик,Тим за МИОА и др.

Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години.

Во периодот од последната интегрална евалуациа до денес ,направени се и реализирани неколку градежни активности и тоа:

-Внатрешно уредување на ѕидови;
-Зебра завеси за кабинетите;
-Реконструкција на училишен двор;
-Пристапна рампа за лица со хендикеп;
-Поставување на заштитна ограда по скали;
-Реконструкција на кабинет по Угостителство
-Реконструкција на дел од кров ;
-Партерно и хортикултурно уредување на двор;
- Реконструкција и поставување на друг училишен инвентар;
- Средување и поставување на електро инсталација и подлога од гранитни плочи во сала;
-Набавка на училишни клупи и столчиња;
-Набавка и монтажа на ПВЦ прозори;
-Реконструкција на гаражи и работилници,како и на топловоден систем;
-Изведба на фотонапонски систем на кров од училиштето;

Резултатите од Самоевалуацијата, детално се имплементираат во Програмата за развој на училиштето, сите цели се опфатени, а активностите и конкретните цели се поставени во конкретна рамка на време на реализација со единствена препорака трендот на подобрување на целокупната работа да продолжи, без надолни осцилации.

Директорот ја организира и следи реализацијата на наставата и водењето на педагошката евиденција на наставниците. Директорот обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства.

Училиштето обезбедува дополнителни средства од проекти со Локалната самоуправа, Бизнис секторот од општината и невладини организации, како и средства од издавање на простор и од издавање на спортската сала,како и средства од вонредни ученици и обуки.

Директорот учествува во работата на Наставнички Совет, соработува со родители, како и со деловната заедница.

## 7.2. Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Органите и телата во училиштето, како и наставниците, се вклучени во разните тимови и во креирањето на училишната образовна политика.

Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини).

Проекти од Министерство за образование и наука кои се реализираат во училиштето се од меѓуетничката интеграција како и обуките и семинарите на наставниците организирани од Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието .

Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цел.

Училиштето има изработено самоевалуација со дел.бр.01-1024/1 од 31.08.2022.година во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, кои треба во иднина да се подобруваат.

Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето.

Програмата и целите на развојната политика се прецизни, јасно отсликани и опфатени со мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите и учениците.

Евидентно во Програмата за развој на училиштето е тоа што тежиштето на реализацијата на зацртаните развојни политики не е подеднакво застапено по години.

Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува.

Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. Планот за јавни набавки за 2024 година е донесен на 30.01.2024 со арх.бр. 01-63/4.

За учебната 2023/24 година се извршени 14 јавни набавки за: компјутерска и техничка опрема, нафта за затоплување на училиштето, средства за реконструкција на кабинетот по угостителство, клими за ладење и греење, ПЛЦ и ЦНЦ машини, за канцелариски материјал, средства за хигиена, дренажа на училишната зграда, реконструкција на училишниот двор, реконструкција на покривот од зградата, набавка на нагледни средства и потрошен материјал за угостителската струка, набавка и монтажа на паркинг рампа.

Училиштето има документ – програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници,со арх.бр 01-939/2 од 31.08.2023 година, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

## 8. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

### 8.1 Силни страни

- Училиштето има воспоставено партнерски однос со потпишани меморандуми со голем број на претпријатија на ниво на општина за реализација на практичната настава и феријалната пракса.
- Рационално искористување на расположивите капацитети за задоволување на потребите на учениците.
- Училиштето континуирано презема акивности за подобрување на постигањата на учениците и за промовирање на постигањата на учениците.
- Учество на натпревари и освоени награди.
- Во училиштето се води политика на еднаквост помеѓу сите ученици без разлика на пол, етничка припадност и социјално потекло.
- Во училиштето постои добра училишна клима меѓу сите лица вклучени во воспитно образовниот процес.

- Опременост на специјализирани училници и кабинетите со нагледни средства и смарт табли.
- Добро управување и раководење.
- Голем избор на струки и профили.

### 8.2 Слаби страни

- Мал број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи различни наставни форми и методи и техники на оценување.
- При реализација на наставата кај мал број наставници се планираат и се користат различни интерактивни техники за работа со што не се овозможува на учениците преку различни стилови на учење да научат најмногу што можат.
- Хигиената во тоалетите делумно задоволува.
- Недостаток на учебници од стручни предмети.

### 8.3 Препораки

- **Да се преземат мерки и дејствија наставниците да ја реализираат наставата применувајќи различни наставни форми и методи и техники на оценување.**
- **Да се планираат и користат различни интерактивни техники за работа од страна на наставниците при реализација на наставата.**

- **Да се преземат мерки и дејствија за подобрување на хигиената во училиштето.**
- **Да се преземат дејствија од страна на училиштето за обезбедување на учебници по стручните предмети.**

| | |
|---|---|
| Александар Арсов, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Гордан Стојчевски, Инспектор | |
| Дејан Доневски, Инспектор | |